археолошка конференција

# **Неолитот во Македонија IV**

12.12.2018

Археолошки музеј на Македонија



**www.cip-cpr.org**

**www.amm.org.mk**

**Организатори**
Центар за истражување на предисторијата
Археолошки музеј на Македонија

**Координатори (ЦИП):**
Гоце Наумов и Љубо Фиданоски

**Координатори (Археолошки музеј на Македонија):**
Горан Санев и Елена Стојанова Канзурова

**Дизајн на плакатот и брошурата:**
Гоце Наумов и Љубо Фиданоски

**Печат / Print:**
Магна Скен - Скопје - Magna Sken - Skopje

Конференцијата е финансиски поддржана од Министерството за култура на Република Македонија

Сведоци сме на поинтензивно истражување на неолитското културно наследство во последните неколку години. Иако тоа многу поретко се проучуваше, презентираше и дискутираше, сепак оваа декада значително се разликува од претходните преку поинтензивните ископувања на неолитските локалитети, честите научни конференции и публикации во кои се говори за неолитот, како и преку повеќето изложби каде што се презентирани неолитски артефакти. Рекогносцирањата, ископувањата, геофизичкото скенирање, дигиталната реконструкција на локалитетите и лабораториските анализи на наодите овозможија сосема ново видување на заедниците што ја започнале доместикацијата на растенијата и животните, ги граделе првите куќи, ја користеле керамиката како нов материјал или ги погребувале своите блиски во рамки на селата.

Со оглед на тоа што овој истражувачки процес станува сè подинамичен, катадневно се обработуваат и толкуваат материјалната култура и населбите на племенските општества од пред осум илјади години. Тоа овозможи мноштво резултати, но воедно и многу поголем број археолози коишто го проучуваат неолитот, што доведе до зголемување на интересот за неолитот и негово присуство надвор од археолошките кругови. Ваквата динамика придонесе археолозите почесто да ги споделуваат своите сознанија и да бидат во тек со најновите случувања поврзани со истражувањето на неолитот.

Во таа насока, Центарот за истражување на предисторијата - ЦИП ја следи оваа нагорна линија на неолитската археологија и преку своите активности се труди да придонесе кон потемелно познавање и разбирање на неолитот. Оттука произлегува и инволвираноста на ЦИП во повеќе домашни и меѓународни проекти што опфаќаат ископување на локалитети и нивно геомагнетно скенирање, хронолошко детерминирање на населбите, лабораториска анализа, дигитално документирање и моделирање на наодите итн. Во рамки на овие активности е организирањето на конференцијата *Неолитот во Македонија*, на којашто присуствуваат повеќе македонски и странски археолози и ги презентираат своите најнови сознанија поврзани со неолитските заедници и нивниот живот. Како резултат на оваа конференција произлегува и истоимениот зборник во којшто се сублимираат дел од презентациите.

Оваа година конференцијата *Неолитот во Македонија* го има своето четврто издание и се одржува на 12 декември во Археолошкиот музеј на Македонија. Таа се одржува во чест на Воислав Санев и јубилејот на 80 години од неговото раѓање. На конференцијата ќе се изложат 15 реферати што ќе бидат презентирани од триесетина археолози од Македонија, Србија, Грција, Бугарија, Британија, Италија и Шпанија. Македонските и странските археолози ќе говорат за најновите сознанија поврзани со неолитското културно наследство во Македонија и воедно ќе дискутираат за научните проблеми што се однесуваат на бројни отворени прашања во рамки на предисториската археологија.

На конференцијата ќе бидат презентирани најновите сознанија од истражувањата на неолитските локалитети во велешкиот, струмичкиот, охридскиот, скопскиот, овчеполскиот, струмскиот и во пелагонискиот регион, вклучувајќи ги и резултатите од кабинетските, теренските и од теориските проучувања. Ќе бидат промовирани и новите методи што се применуваат при истражувањето на неолитските населби во Македонија, како што се просторните, геомагнетните, етноархеолошките и зооархеолошките анализи, функционалните анализи на алатките и тековните пристапи во толкувањето на накитот, инструментите, садовите и липидите.

Во рамки на конференцијата ќе бидат промовирани најновите изданија на Центарот за истражување на предисторијата, односно зборникот на трудови *Neolithic in Macedonia: challenges for new discoveries. После одржувањето на конференцијата, во четврток на 13.12.2018 во 10:00, предавање ќе одржи проф. Костас Котсакис, еден од највидните грчи преди**сторичари кој ќе говори на темата „Ново светло врз најраниот неолит во Грција и ширењето на земјоделството во Европа“.***

Конференцијата е резултат на темелната соработка меѓу Центарот за истражување на предисторијата и Археолошкиот музеј на Македонија и таа е финансиски поддржана од Министерството за култура на Република Македонија.

*Гоце Наумов и Љубо Фиданоски*
*Центар за истражување на предисторијата*

# - Програма -

**09:00 – 09:20**

Поздравна реч на Центарот за истражување на предисторијата

Воведно обраќање на Горан Санев, директор на Археолошки музеј на Македонија

**09:20 – 09:40**

**Елеонора Петрова Митевска**

*Управа за заштита на културно наследство*

**Почетоците на истражувањата на неолитот во Македонија**

**09:40 – 10:00**

**Ирена Колиштркоска Настева**

*Археолошки музеј на Македонија*

**Од соработката со Воислав Санев: документација од локалитетот Тумба Маџари**

**10:00 – 10:20**

**Паско Кузман**

*Завод и музеј - Охрид*

**Од Зластрана до Пенелопа: неолитски локалитети во Охридскиот регион (III)**

***– дискусија и пауза –***

**10:40 – 11:00**

**Малгоржата Гребска Кулов**

*Регионален историски музеј-Благоевград*

**Културната традиција Блгарчево II-Долна Рибница во Југозападна Бугарија**

**11:00 – 11:20**

**Зоран Рујак, Петар Зидаров и Елена Канзурова Стојанова**

*Завод и музеј-Струмица, Нов бугарски универзитет, Археолошки музеј на Македонија*

**Ангелци, Костурино и Дамјан: геомагнетна проспекција на три неолитски населби во Југоисточна Македонија**

**11:20 – 11:40**

**Иван Станчевски и Игор Ширтовски**

*Археолошки музеј на Македонија, Управа за заштита на културно наследство*

**Праисториска населба Ливадска Тумба, с. Мустафино, Свети Николе**

**12:00 – 12:20**

**Љубо Фиданоски**

*Музеј на град Скопје*

**Уникати или импорти во колекцијата од Церје - Говрлево**

***– дискусија и пауза –***

**13:00 – 13:20**

**Љубо Фиданоски и Гоце Наумов**

*Центар за истражување на предисторијата*

**Промоција на зборникот „Неолитот во Македонија: предизвици за нови откритија“ и презентација на активностите на ЦИП во 2018 година**

**13:20 – 13:40**

**Гоце Наумов, Александар Миткоски и Христијан Талевски**

*Музеј на Македонија, Завод и музеј-Прилеп и Институт за старословенска култура*

**Истражување на локалитетот Врбјанска Чука во 2018 година**

**13:40 – 14:00**

**Дарко Стојановски, Џули Дан, Гоце Наумов, Ричард Евершед и Софија Стефановиќ**

*Инситут Биосенс, Универзитет во Бристол и Музеј на Македонија*

**Керамика, липиди и изотопи: увид во неолитската кујна на Врбјанска Чука**

**14:00 – 14:20**

**Николо Masуко, Хуан Ф. Хибаха, Гоце Наумов и Љубо Фиданоски**

*Шпански национален совет за истражување и Центар за истражување на предисторијата*

**Стари сјајни камења: првите неолитски технологии за жнеење во Република Македонија**

***– дискусија –***

**14:40 – 15:00**

**Весна Димитријевиќ, Гоце Наумов, Љубо Фиданоски и Софија Стефановиќ**

*Универзитет во Белград, Центар за истражување на предисторијата, Музеј на град Скопје и Институт Биосенс*

**Украсни предмети од школките на морските мекотели во неолитот на Македонија**

**15:00 – 15:20**

**Драган Даутовски**

*Факултет за музичка култура*

**Предисториски звучни артефакти од Република Македонија**

**15:20 – 15:40**

**Никос Чаусидис**

*Филозофски факултет*

**Етнографски предлошки во толкувањето на архолошките наоди од неолитскиот и подоцнежните праисториски периоди**

**15:40 – 16:00**

**Марина Спирова**

*Археолошки музеј на Македонија*

**Остатоци од доцнонеолитските традиции во керамиката од раниот енеолит во Република Македонија**

***– дискусија –***

**13.12.2018**

**Археолошки музеј на Македонија**

**10:00 – 11:00**

**Предавање на Костас Котсакис**

*Универзитет Аристотел во Солун*

**Ново светло врз најраниот неолит во Грција и ширењето на земјоделството во Европа**

**11:30 – 13:30**

**Посета на археолошкиот локалитет и музеј на отворено Тумба - Маџари**

# - Апстракти -

**Елеонора Петрова Митевска**

*Управа за заштита на културно наследство*

**Почетоците на истражувањата на неолитот во Македонија**

Почетоците на истражувањата на неолиот на поширокиот простор на Македонија се врзуваат за Реј и Хертли во триесеттите години на 20 век, додека пак во РМ систематските истражувања започнуваат педесеттите и шеесеттите години на 20 век, и се поврзани со ископувањата на акад. Милутин Гарашанин и македонските археолози Воислав Санев, Драгица Симоска, Благоја Китаноски и Саржо Саржоски. Врз основа на тие првични истражувања поделени се географските целини на неолитските наоди во Овче Поле и долинатата на Брегалница, Пелагониската котлина, Охридскиот басен и Скопската котлина.

**Ирена Колиштркоска Настева**

*Археолошки музеј на Македонија*

**Од соработката со Воислав Санев: документација од локалитетот Тумба Маџари**

Петнаесеттина години имав можност да бидам вклучена во истражувањата и ископувањата на неолитската населба Тумба-Маџари кај Скопје со кои раководеше археологот Воислав Санев, доајенот на македонската праисторија и синоним на неолитот кај нас. Акциите беа изведувани под капата на Археолошкиот оддел на Музеј на Македонија. Низ годините се оформи обемна документација. Во оваа презентација ќе стане збор за сегменти од фото записи во кои се вршеше класификација и групирање на движни наоди. Ќерамика: монохромна, декорирана со разновидни техники и мотиви (со втиснување, врежување, сликна); фрагменти од теракотни фигурини; камени и коскени алатки; како и делови

од ѕидни платна- градежен материјал од објекти за живеење и за обреди, наречени куќен леп. Дел од овој материјал е објавен во повеќе стручни списанија од страна на археологот Воислав Санев, а дел е сочуван во документацијата.

**Паско Кузман**
*Завод и музеј - Охрид*

**Од Зластрана до Пенелопа: неолитски локалитети во Охридскиот регион (III)**

Од археолошки и историски аспект, неолитот во Македонија е еден од најавтентичните праисториски периоди на Балканот. Со својата богата материјална култура тој е стожер на праисториската археологија во овој дел од Европа. Досега, во Охридскиот регион се познати и истражувани релативно малку локации (населби) од сите неолитски фази. Тоа се Зластрана во Средорече, Долно Трново и Пенелопа во Охрид, но и неколку други места регистрирани на археолошката карта на Македонија. Истражувањето на овие локации покажало дека имало население кое живеело во неколку поголеми заедници во Македонија, во актуелната литература која се нарекува Амзабегово-Вршник и Велушина-Породин култури. Имајќи ја предвид географската положба на Охрид на југ на Македонија, во зоната која се поврзува со културата Велушина-Породин (Пелагонија) и зоната на влијание на медитеранските неолитски заедници (познати како кардио-импресо култури), но исто така и врз основа на специфичните карактеристики на материјалот, основана е културата Златрана, опфаќајќи ги локациите на Охридскиот регион. Покрај типичните неолитски рамни населби, како што се оние од Зластрана и Долно Трново, се истакнува уникатната населба Пенелопа, која е препознатлива преку неолитската керамика, пластичната уметност и бројните алатки направени од животински коски и камен.

**Малгоржата Гребска Кулов**
*Регионален историски музеј-Благоевград*

**Културната традиција Блгарчево II-Долна Рибница во Југозападна Бугарија**

После раниот неолитски период на Југозападна Бугарија, кој во најголем дел се карактеризира со бела боја на црвена боја, се појавила нова културна традиција со јасно препознатливи параметри. Од една страна, старите традиции биле задржани во поглед на култните практики. Втората е очигледна пред сé со оглед на извонредниот конзерватизам во производството на антропоморфни фигурини и т.н. олтари / култни маси. Понатаму, локацијата на населбите во голема мера останала иста, што укажува на слична економија и егзистенцијална практика. Сепак, најчесто се користат предмети од секојдневниот живот-керамика коишто драматично се менуваат. Во споредба со претходниот период, техниките за производство се чини дека се подобрени во квалитетот за да се произведат речиси совршени биконични форми со тенки ѕидови. Освен тоа, насликаната орнаментика повеќе не е од суштинско значење и заменета е целосно со црно премачкување, заедно со дискретната импресо декорација. Оваа нова културна традиција, дефинирана од Л. Перничева како културна група "Блгарчево II" - Долна Рибница, е многу добро препознаена и документирана во долината Средна Струма. Се протега од Рупелска Клисуракон југ и до реката Герман на север. Таа е регистрирана во сите рани неолитски населби во регионот, како што се Ковачево, Илинденци, Блгарчево, Ваксево, Невестино и Сапарева Бања. Според В. Санев, традицијата Блгарчерево II - Долна Рибница претставува најраната манифестација на културата Винча и, следствено, ја гледал долината на Средната Струма како нејзина фокусна точка на развој. Меѓутоа, какви биле околностите во врска со појавата на традицијата Блгарчево II-Долна Рибница? И како тоа може да биде поврзано со културниот развој на неолитскиот период на централниот Балкан поопшто?

**Зоран Рујак, Петар Зидаров и Елена Канзурова Стојанова**
*Завод и музеј-Струмица, Нов бугарски универзитет, Археолошки музеј на Македонија*

**Ангелци, Костурино и Дамјан: геомагнетна проспекција на три неолитски населби во Југоисточна Македонија**

Научната соработка помеѓу НУ Завод и Музеј-Струмица, Одделот за археологија на Новиот Бугарски Универзитет во Софија и НУ Археолошки музеј на Македонија - Скопје,во текот на 2016 година го иницира археолошкиот проект за геомагнетна проспекција на неолитските населби во Југоисточниот регион на Р. Македонија. Со овој тип на археолошки недеструктивни истражувања, во рамките на заедничкиот проект, беа опфатени локалитетите Страната во месноста Ангелци, Канли Чаир во месноста Дамјан и новоевидентираната неолитска населба Орниче во месноста Костурино-Струмичко.

Во Југоисточниот регион во Република Македонија, за првпат, беа изведени недеструктивни археолошки истражувања, односно, геомагнетна проспекција на три населби од неолитот. Досегашните археолошки истражувања на неолитските населби во месноста Дамјан и Ангелци беа изведени во ограничен простор и освен податоците за хронолошката и културолошката припадност на овие населби, немаше доволно материјални доказиза внатрешната организација на станбените целини, нивната форма и меѓусебна поставеност. Просторните граници на населбите, како и начинот на заштита - одбранбениот систем, беа уште еден предизвик да се изврши геомагнетна проспекција.

За таа цел беше користенпреносен цезиумски магнетометар G-858 со две вертикалнисонди меѓусебнооддалечени 0,50 м. Мерењата беа најчесто поставени на оддалеченостод 0,20 до 0,80 м над површината на земјата. Границите на мерената површина беа мерени со помош на тотална станица. На оваа праисториска конференција ќе бидат презентирани резултатите од геомагнетната проспекција на овие три населби од неолитот.

**Иван Станчевски и Игор Ширтовски**
*Археолошки музеј на Македонија, Управа за заштита на културно наследство*

**Праисториска населба Ливадска Тумба, с. Мустафино, Свети Николе**

По јужниот раб на Овче Поле биле распослани бројни праисториски населби. Од сите нив најпознатa и најдобро истражена секако е онаа локалитетот „Барутница“ кај с. Амзабегово. Ќе ги презентираме сознанијата кои се производ на нашите напори да ја надополниме картата на густина на неолитски населби во овој регион со новоидентификувана населбинска тумба кај с. Мустафино. Лоцирана источно на 10 км. воздушна линија од центарот на Свети Николе. Тумбата и денес иако девастирана заради долготрајните земјоделски активности за 2 метри го надвишува околниот терен. Истата изобилува со богат површински движен археолошки матријал: керамика, камен и коски во помал обем.

**Љубо Фиданоски**
*Музеј на град Скопје*

**Уникати или импорти во колекцијата од Церје - Говрлево**

Во неолитските колекции од Балканот речиси без исклучок постојат одредени предмети од материјалната култура кои е тешко да се вклучат во постоечките културно-историски класификации независно од категоријата на којашто ѝ припаѓаат. Станува збор за предмети (керамички садови, фигурини, модели на куќи, масички, итн.) кои на еден или друг начин отскокнуваат од типичните, за локалитетите/културите, карактеристики на материјалната култура. Во тој контекст, најчесто, овие предмети се нарекувани и толкувани на различни начини, како на пример: „упади“, „уникати“, „импорти“, итн. Вакви артефакти постојат и во колекцијата од Церје – Говрлево, чијашто единственост во изгледот и во изработката дозволува различни толкувања, повторно широко движејќи се во наведените термини и значења.

**Гоце Наумов, Александар Митkoски и Христијан Талевски**
*Музеј на Македонија, Завод и музеј-Прилеп и Институт за старословенска култура*
**Истражување на локалитетот Врбјанска Чука во 2018 година**

Започната е нова кампања на ископување на локалитетот Врбјанска Чука во 2016 година, а мултидисциплинарното истражување даде сосема нови информации за основањето на тумбата и неговата социјална динамика во неолитскиот, античкиот период и средниот век. Мултинационалниот тим составен од 12 различни институции од Република Македонија, Србија, Словенија, Швајцарија, Чешка, Полска, Шпанија и Германија се фокусира на различни аспекти на неолитската заедница што живее на оваа локација, како и на јами за депонирање од римскиот период и на средновековната некропола. Во 2018 година теренската работа беше фокусирана на одредување нови архитектонски обележја во Градба 2 и отворање на два нови квадранта (25 и 16), со цел детално да се разберат подоцнежните слоеви. Истовремено беа изведени и проучувања на материјалната култура, техниките на градење, геомагнетско скенирање, изработка на план за локации, давање примероци од јаглен, обработка на примероци и лабораториска анализа, така што податоците на оваа сложена локација се значително зголемени и затоа може да бидат темелно вработени во понатамошно истражување и експликација на општеството што живеело на оваа тумба.

**Дарко Стојановски, Џули Дан, Гоце Наумов, Ричард Евершед и Софија Стефановиќ**
*Инситут Биосенс, Универзитет во Бристол и Музеј на Македонија*
**Керамика, липиди и изотопи: увид во неолитската кујна на Врбјанска Чука**

Во текот на 2017 и 2018 година, 27 фрагменти садова керамика од неолитските слоеви во Врбјанска Чука беа селектирани и подложени на екстракција на органски материи содржани во микроскопските пори од нивната структура. Од

нив, вкупно 8 примероци дадоа позитивни резултати, односно содржеа доволни количини липиди неопходни за понатамошна анализа. Со помош на масна спектрометрија беа детектирани конкретни хемиски соединенија кои ни даваат информација за нивното потекло. Со помош на мерење на вредностите на стабилниот изотоп на јаглеродот (13C) кај овие молекули, дополнително се прецизира оригиналната содржина на керамичките садови. Со ова истражување добивме директен доказ за големата разновидност на неолитската кујна на Врбјанска Чука, каде освен користењето на вообичаените неолитски продукти (житарици и месо од домашни животни), беше потврдено производството и користењето на млечни продукти, како и консумирањето на водни животни и употребата на пчелни продукти.

**Николо Маѕуко, Хуан Ф. Хибаха, Гоце Наумов и Љубо Фиданоски**

*Шпански национален совет за истражување и Центар за истражување на предисторијата*

**Стари сјајни камења: првите неолитски технологии за жнеење во Република Македонија**

Балканот е клучна област за разбирање на распространетоста на неолитот во централниот и западниот Медитеран. Во рамки од неколку векови, првите земјоделци брзо се ширеле на големо географско подрачје, од Пелопонез до долините на Вардар и Струма. Во овие нови територии, луѓето од неолитот донесоа комплексен пакет идеи, знаења и технологии, кои се состојат од одделени растенија и земјоделски практики. Во оваа презентација, ќе се обратиме на дифузијата на земјоделството во Република Македонија преку анализа на алатките за берба што ги користат првите неолитски заедници. Алатките за собирање се важен извор на информации за земјоделските системи и можат да обезбедат информации за социјалната, економската и технолошката организација на мигрирачките групи. Функционалната анализа на т.н. "сјајни сечила" ни овозможува да ги реконструираме техниките на жнеењето што ги адаптираа неолитските земјоделци кои се преселија во јужниот дел на Балканот. Податоците добиени од проучувањето

на материјалот од Врбјанска Чука, Говрлево, Амзабегово, Чука Тополачани и Радин Дол ни овозможи прв увид во неолитските технологии на жнеењето во Република Македонија. Резултатите укажуваат на постоење на силни афинитети во начинот на кој луѓето жнееле житни култури на големото подрачје, од Тесалија до Македонија.

**Весна Димитријевиќ, Гоце Наумов, Љубо Фиданоски и Софија Стефановиќ**
*Универзитет во Белград, Центар за истражување на предисторијата, Музеј на град Скопје и Институт Биосенс*
**Украсни предмети од школките на морските мекотели во неолитот на Македонија**

Во неолитските истражувања, школките од морските мекотели имаат извонредно значење. Имајќи в предвид дека се користат за изработка на декоративни предмети, зборуваат за естетските вредности и културните афинитети, а во некои случаи и за социјалниот статус на поединците. Исто така, кога ќе се пронајдени на локалитети во континенталните области сведочат за контакти со заедниците коишто живеат во крајбрежните области, каде се набавени овие предмети и материјали од кои се направени, размена, така што укажуваат на мрежа помеѓу оддалечените села и заедници. Релативно мал број на овие предмети се познати од неолитските локалитети во Македонија. Констатирани се во регионот на Скопската котлина, Овче Поле и Пелагонија, на локалитетите Амзабегово, Вршник-Таринци, Говрлево и Тумба Могила. Иако малку на број, овие податоци ја покажуваат разновидноста, како и во однос на видот на мекотели од каде што потекнуваат школките, така и во зависност од видот на декоративни елементи. Се користат украсни предмети од морски школки (Spondylus gaederopus, Glycymeris glycymeris), полжави (Cyclope neritea) и скафоподи (денталиум) (Antalis vulgaris). Најчесто се изработувале мониста, нараквици и амајлии. Особено е важен наодот на мониста направени од школка, полжави и денталиуми, во комбинација со мониста од камен, пронајдени во антропоморфен сад во Вршник - Таринци.

**Драган Даутовски**

*Факултет за музичка култура*

**Предисториски звучни артефакти од Република Македонија**

**1 - топчеста глинена флејта: предисториски музички инструмент**

**2 - глинено свирче: кон зооморфната форма и практичната (звучна) функција на наодот**

1. Историското значење и звучниот (музички) капацитет на археолошкиот наод од неолитскиот локалитет Мрамор-Чашка, Република Македонија кај мене пројави интерес за негово практично и научно проучување. Тоа резултираше со развој на музичката археологија (научна дисциплина од глобално значење) и во Република Македонија. Органолошкиот приод, во комбинација со методи од други научни дисциплини, потврди дека наодот е навистина уникатен предмет, моделиран за да генерира (произведува) звук, кој и припаѓа на групата зооморфни топчести музичкии нструменти изработени од глина со шуплива внатрешност како звучна комора. Особено е важно што овој предисториски наод е добро сочуван и на истиот може да се музицира. Овој труд ги претставува резултатите од моето истражување а кои се однесуваат на процесот на изработка, тонскиот опсег, фреквенции, тонски низи, технички можности и т.н. Сите научни сознанија, дополнети со демонстрација на изведувачката техника на топчестата глинена флејта се аргументи кои ја поддржуваат дебатираната хипотеза дека ова археолошко откритие е навистина предисториски музички инструмент.

2. Зооморфноста и практичната функција на наодот, звучниот предмет (инструмент), е директно поврзана со култот на охридската јагула. Во далечното минато овој култ се одвивал во сите фази на традиционалниот животот на луѓето што живееле (и сè уште живеат) на бреговите на Охридското Езеро, негувајќи ги приказните и митовите (особено од неолитскиот период), како и кулинарските специјалитети од јагула. Користењето и манипулирањето со глината како природен ресурс и уметноста на моделирање, нашите далечни предци, под влијание на култна врска со јагулата, дизајнирале зооморфен звучен

предмет-инструмент кој ќе се одликува со продорни фреквенции слушливи на големи растојанија. Резултатите од научното истражување укажуваат дека употребната функција на глиненото свирче е звучна сигнализација.

**Никос Чаусидис**

*Филозофски факултет*

**Етнографски предлошки во толкувањето на архолошките наоди од неолитскиот и подоцнежните праисториски периоди**

Истражувањето на археолошките наоди од праисториските периоди, и особено на оние од неолитот, е проследено со голем хендикеп – отсуство на било какви пишани извори т.е. вербално фиксирани информации. Поради тоа при интерпретацијата на овие наоди истражувачите се приморани овој недостаток од автентична и егзактно фиксирана мисловна парадигма да го надоместат на друг начин. При тоа често се предлагаат иновативни постапки кои, поради ваквата императивна ситуација, својата прва примена и усовршување ја доживуваат токму во рамките на истражувањата на овие периоди. Последните неколку децении, во овие истражувања особена примена најде методот на компарирање на одредени праисториски наоди со соодветни појави регистрирани и анализирани од страна на етнолозите и антропоозите во рамките на современите или заедници од разни делови на светот кои се доликуваат со архаични обележја на културата. Во бројни случаи овој метод е користен и од наша страна како и од неколкумина други истражувачи од Македонија и околните земји, при што се јавува едно специфично обележје – употреба на примери од локалните балкански етнографски традиии. Целта на оваа статија е да се соберат на едно место и сожето да се презентираат овие примери со цел овој научен концепт да се согледа на теориско и методолошко ниво и уште еднаш да се провери и процени нивната теориска консеквентност, научна заснованост како и степенот на веројатност на конкретните понудени решенија.

**Марина Спирова**
*Археолошки музеј на Македонија*

**Остатоци од доцнонеолитските традиции во керамиката од раниот енеолит во Република Македонија**

Периодот на раниот енеолит на територијата на Македонија го карактеризира крајот на развојот на доцнонеолитските култури и појавата на нови културни белези кои претставуваат одлика на вредностите на новата енеолитска култура. Овие културни елементи немаат претходен локален развој на овие простори и своето потекло го водат од териториите источно или северно од Македонија. Едновремено со нив, во материјалната култура од населбите од овој период среќаваме и остатоци од доцнонеолитските манифестации. Старите неолитски традиции пред сè, се огледуваат во производството на керамичките садови. Поедините форми и декоративни техники во керамиката, како и пластиката, кои се главни обележја на доцниот неолит ќе продолжат со својот живот и во рамките на новата култура. Истите, во текот на енеолитот ќе добијат нешто поинакви варијации отколку во неолитот, но нивната основа ќе остане несомнено доцнонеолитска. Оваа појава се забележува и кај култната пластика. Ова паралелно егзистирање на старите и новите културни обележја ќе трае сè до крајот на раниот енеолит за да веќе во текот на доцниот енеолит елементите кои имаат доцнонеолитски корени се изгубат и го остапат местото на чисто енеолитските вредности.

**<u>13.12.2018</u>**

**Археолошки музеј на Македонија**

**10:00 – 11:00**

**Предавање на Костас Котсакис**

*Универзитет Аристотел во Солун*

**Ново светло врз најраниот неолит во Грција и ширењето на земјоделството во Европа**

Паљамбела Колиндорс е нов локалитет ископуван од 2000 година од страна на Универзитетот Аристотел во Солун во соработка со Универзитетот Шефилд и професорот Пол Халстед. Локалитетот се наоѓа на околу 50 километри западно од Солун. Ископувањето во Паљамбела откри многу рано земјоделска населба што датира од 6600 година, и затоа се смета меѓу најраните во Грција. Една од значајните карактеристики на Паљамбела Колиндорс е јасно одвојување помеѓу земуници и области на јавна подготовка и консумирање на храна со извонредна зачувуваност. Паљамбела формира јасна слика за многу рана земјоделска заедница, уникатна за неолитот на Грција, од која можеме да извлечеме некои интересни заклучоци за социјалната структура и организацијата на раните земјоделци.

Неодамнешните ископувања на анадолискиот брег на Егејот, исто така нудат нови докази за најстариот неолит и за неговото ширење. На прв поглед, се чини дека новите податоци го поддржуваат главниот модел на севкупното движење на земјоделците во западниот дел на Егејското Море. Меѓутоа, при потемелна проверка, значајните нееднаквости укажуваат на тоа дека доминантната парадигма сега бара одредено фино подесување. Податоците од Паљамбела ја нагласуваат суштинската улога на контекстуалните докази во проценката на неолитизацијата, која, сега разбираме, е далеку покомплицирана од она што традиционалните модели го презентираа.